Игра на асоцијации

Наставникот ги организира учениците во неколку групи. Во тие групи одредени ученици се менуваат за да отвораат поими. Доколку сметаат дека ја препознаваат споредната асоцијација или главната асоцијација, ја искажува еден ученик од групата. Ако не ја откријат **споредната** или **главната асоцијација**, групата губи 1 поен (-1). Групата која ќе ја открие споредната асоцијација, добива 1 поен (+1), а доколку ја открие главната асоцијација таа група се смета за победник во играта на асоцијации.

По отворање на одреден поим, секоја група има право да ја погаѓа споредната асоцијација во некоја од колоните или главната асоцијација. Групата што ќе одбие да ја погаѓа споредната асоцијација, не губи поим, но редот за отворање и погаѓање на поимите ѝ го отстапува на следната група. **Споредните асоцијации се секогаш под бр. 5, додека главната е во најдолниот ред.**

	А	Б	В	Г
1	рака	кожа	Стари Египќани	латинско писмо
2	боја	облик на чување	хиероглифско писмо	стилус
3	трска	пергамент	писар	дрвена рамка
4	писалка	палимпсест	свиток	восок
5	**каламус**	**кодекс**	**папирус**	**восочна табличка**
писменост				

БОДИРАЊЕ НА ГРУПИТЕ				
I	II	III	IV	V
ВКУПНО				

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски